## ПОДАРОЦИ ОД ЃОРЃИЈА-ЏОРЏ АТАНАСОСКИ ЗА ПРИЛЕПСКИТЕ ДЕЧИЊА





# ИГРАЧКИ ЗА ВЕСЕЛИ И НАСМЕАНИ ДЕТСКИ ЛИЦА

Триесеттина деца со пречки во развојот од Прилеп добија неколку стотина американски играчки за збогатување на наставата во специјалната паралелка на основното училиште "Климент Охридски" во Прилеп. Подароците се од еминентниот и познат бизнисмен со прилепско потекло, господинот Ѓорѓија-Џорџ Атанасоски. Тој израдува уште педесеттина деца згрижени во детската градинка "Гоце Делчев" со испорака на цел камион разни играчки и реквизити.

Тој вели дека донациите за децата досега му биле недоволно хуманитарна страна.

"Повеќе ѝ се посветував на поддршката на децата со учебници и на сите граѓани на Мала Преспа во Албанија, иако срамежливо, без помпа, сум ја покажувал широкоградоста на многу места, цркви и луѓе во Македонија. Овој пат сметав дека е нужно да им се разубави дневниот престој на дел од децата од предучилишна возраст во една градинка. Особено се радувам што ќе се развеселат и децата со пречки во развојот, кои се трудат да се социјализираат и да ги почувствуваат убавините на животот", истакна господинот Атанасоски.

При тоа, тој потенцираше дека новогодишните празници нема да бидат последен повод за подароци за децата. Ќе ги има уште многу, и не само во Прилеп.

**Љ.М.**



